# Гносеолошките идеи во философијата на кападокиските отци*

**Валентина Гулевска**

Филозофски факултет, Битола

valentina_gulevska@freemail.com.mk

*Клучни зборови: познание, богопознание, аскеза, бесмртност.*

Времето во кое живееле тројцата великани на кападокиската школа (св. Василиј Велики, св. Григориј Богослов и св. Григориј Ниски) зазема исклучително место во византиската философија. IV век е време кога античкиот свет се наоѓа на својот залез, а христијанството ги прави своите први чекори во полето на философијата. Тоа е период во кој се прави радикален пресврт во односот меѓу античката философија и христијанската теологија. Имено, иако не било можно тие сосема да се разграничат, сепак, по заслуга на кападокиските отци, христијанската мисла почнала да добива своја специфична физиономија, која во многу точки се разликувала од античката философија.

Би било неточно да се мисли дека односот на христијанството кон наследството од античката ученост се сведувало само на негово целосно одрекување. Уште во II век, се појавил стремеж од страна на некои христијански мислители, творечки да ги усвојат достигнувањата од антиката. Интензивен обид за синтеза меѓу христијанството и елинизмот направиле претставниците на александриската школа – Климент и Ориген. И двајцата, иако во различно време, го основале александриското катихуменско училиште во кое, заедно со изучувањето на Светото Писмо и христијанското богословие се изучувала и античката философија, реториката, дијалектиката, а исто така и егзактните науки – математика, геометрија, астрономија и др. Такво разновидно образование стекнале и кападокиските отци, најпрво во Кесарија кападокиска, а потоа и во Атина. Тие уште во раната младост го наследиле уважувачкиот однос кон античката мудрост.

Од друга страна, пак, кападокиските отци постојано нагласувале дека образованието и учената не треба да се јавува како самоцел: тоа е нужно само тогаш кога служи како патеводител до богопознанието. На тој начин, световните науки кај нив застануваат на втор план. Во споредба со Божјото слово, човечкото слово за нив останува мит, басна и приказна. Во споредба со вистинската философија, која е *философија по Христа,* античката философија за нив е само усилба на човечкиот ум да и се приближи на вистината.

Самиот факт дека византиската философија според својата главна карактеристика е религиска философија, говори за тешкотиите при определувањето на гносеолошките идеи во философијата на кападокиските отци. Во овој докторски труд тие се разгледувани во склопот на нивната христологија. Христолошкиот систем кај кападокиските отци се градел постепено, во нивната полемика против антитринитарните ереси. Бранејќи ја основната христолошка теза за Божјото воплотување, тие, всушност, го развиваат и го изложуваат своето гносеолошко учење.

Според нивната философија, основното философско прашање за целта и смислата на човечкот живот може да добие одговор по разрешувањето на трагичната противречност на човечкото познание. Тргнувајќи од хиерархиската поделба на познанието, воопшто, (тие разликуваат три типови на познание: *сетилно, рационално* и *мистично),* кападокиските отци се задржуваат на едно специфично познание кое во себе ги вклучува сите три видови на познание. Тоа е познанието на Бога или богопознанието. Познанието на Бога, според нив, се наоѓа надвор од границите на логичноста, т. е. не е ограничено со рационално поимање, бидејќи е сфатено првенствено како мистичен чин, а дури потоа како дискурзивно познание.

Во тој контекст, тие претставуваат први христијански мислители кои ги трасирале патеките на познатиот апофатичко-катафатички гносеолошки метод.

Гносеолошките идеи во философијата на кападокиските отци претставуваат крупни достигнувања во севкупната византиска философија. Со нивното проучување, во поширока философска перспектива, можеме да заклучиме дека интересот за проблемот на човечкото познание кај кападокиските отци, всушност, претставува точка на прекршување во која се испреплетуваат човечкото со божественото, создадената природа со несоздадената, времето со вечноста.

* Докторски труд одбранет во 2003 г. на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт по Филозофија. Објавен е под наслов *Философијата на кападокиските отци* во 2005, во издание на *Азбуки* од Скопје.